вечер
...прв дознава.



ИНСТАЛАЦИЈА КОЈА ЌЕ ВЕ ЗАРОБИ

# Тунелот на Ана Ивановска

Tweet 0
Like Share 0

21 ноември 2007 - 15:22

Ивановска вечерва (20 ч.) во Младинскиот културен центар ќе ја претстави својата прва самостојна изложба насловена "Тунел"

Ана Ивановска вечерва (20 ч.) во Младинскиот културен центар ќе ја претстави својата прва самостојна изложба насловена "Тунел". Делото претставува „ амбиентална инсталација" и како што вели Ивановска, "Тунел" го опфаќа и трансформира галерискиот простор.

- Набљудувачот е принуден да влезе во тунел создаден од моите дела, кои претставуваат едно континуирано истражување во ликовниот јазик. Пред се, важно ми беше да се создаде силен визуелен впечаток. Затоа тунелот е со огромни димензии: кружи низ целата галерија, има брановидни движења, се стеснува и шири. Комуникацијата на делото со гледачот е непосредна,



тој не е само пасивен набљудувач, напротив тој е вклучен во самото дело со неизвесен завршеток, објаснува Ивановска.

Според неа, тунелот има повеќе значења. Го претставува женскиот симбол, емоциите, променливоста.



- Може да се интерпретира како исцелителен процес, духовна преродба, целиот циклус на животот и смртта. Тунелот зборува за универзални вистини, доживеани преку моите чувства, вели Ивановска. Таа истражува со повеќе материјали, меѓу кои и јажето, а дел од просторната инсталација е направен од конструкција од лимови обложени со сунѓер.

- Тунел е едно многу комплексно и импозантно дело, кое е тешко да се опише, а треба да се види и доживее. Мислам дека внесов многу енергија и емоции во сето тоа, кои ќе се пренесат на самиот гледач, вели Ивановска. Таа во 2006 година дипломираше на Факултетот за ликовна уметност, во класата на професорот Благоја Маневски. Учествувала на повеќе интернационални групни изложби, како и изложби низ Македонија и на ликовни работилници.

***(A.J.)***

Вечер
Like 114,226

Like Share Be the first of your friends to like this.
веста е прочитана 2 пати